A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)



Дневни билтени



# Извадок на дел од дневни настани 17.12.2019

На 16.12.2019 во 13.15 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Христо Татарчев“ го лишиле од слобода О.М.(43) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.12.2019 во 14.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје од подрачјето на Гази Баба ги лишиле од слобода В.Д.(37) и С.И.(43), двајцата

од Скопје, затоа што при извршен преглед кај В.Д. била пронајдена прашкаста материја, а кај С.И. била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.12.2019 околу 22.40 часот во близина на наплатна рампа на магистрален пат Тетово - Гостивар, полициски службеници ги лишиле од слобода Ќ.Б.(23) и А.А.(24), двајцата од Скопје, бидејќи при преглед на патничко моторно возило во кое се превезувале била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.12.2019 во 00.05 часот на бул.„Ленинова" во Струмица полициски службеници од Полициска станица Струмица го затекнале лицето Ф.А.(30) од Струмица при извршување кривично дело „тешка кражба" . Тој бил приведен и задржан во Полициска станица Струмица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.12.2019 во 07.10 часот на Граничен премин „Табановце", полициски службеници ја лишиле од слобода М.Ф.(40) од Куманово бидејќи се наоѓала на „стоп листа". Таа била предадена на полициски службеници од СВР Куманово за поматамошна постапка.

На 16.12.2019 во 15.15 часот на кеј „Димитар Влахов" во Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода А.Т.(30) од Косово, поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „фалсификување исправа". Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за поматамошна постапка.

На 16.12.2019 во 10.00 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека во Ургентен центар Гостивар бил донесен К.Ѓ.(27) од с.Долно Седларце, гостиварско, кој се здобил со повреда при извршување на работни задачи во фирма за производство на мебел од Гостивар. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Гостивар заедно со инспектор за труд и заштита при работа.

На 16.12.2019 во 22.20 часот во СВР Битола, од Територијалната противпожарна единица Битола било пријавено дека настанал пожар во фабриката „Киро Дандаро" во Битола. Пожарот бил локализиран од екипа на Територијалната противпожарна единица, а повредени лица нема.

Во текот на 16.12.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **двајца** возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **четири** возачи, од кои: **еден** возач затоа што управувал возило под дејство на алкохол и **три** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило. Исто така, исклучени од сообраќај се **три** возила, бидејќи биле нерегистрирани, а санкционирани се **двајца** возачи поради поминување на крстосница на црвено светло. Во

однос на пешаците, санкционирани се **10** пешаци поради поминување коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден **65** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 16.12.2019 во 10.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.В.(62) од Скопје пријавила дека на ул.„Лука Геров" била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 16.12.2019 во 07.45 часот на магистралниот пат Куманово - Крива Паланка се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „опел корса", со кумановски регистарски ознаки, управувано од С.И.(22) од Куманово и патничко возило „шкода октавија", со скопски регистарски ознаки, управувано од Л.В.(54) од Скопје. Во незгодата С.И. се здобила со повреди и била пренесена во Општата болница Куманово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово.

На 16.12.2019 во 18.40 часот во Полициската станица Аеродром, В.Б.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Владимир Комаров" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.С.(40) од с.Сарандиново, општина Долнени, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 18.10.2019, на регионалниот пат Демир Хисар – Прилеп, во с. Граиште, полициски службеници сопреле патничко возило „лада",при што пронашле и одзеле ловен карабин „црвена застава", кој пријавениот неовластено го поседувал.

На 16.12.2019 во 14.00 часот во автоперална на ул.„Мирче Ацев" во Скопје, полициски службеници ги лишиле од слобода П.Б и О.З., бидејќи при асистенција за отстранување на бесправно изграден објект ги попречувале полициски службеници во извршување на работни задачи. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 16.12.2019 во 17.40 часот во СВР Скопје, С.Б.(29) од Скопје пријавил дека околу 17.20 часот на ул.„Кузман Јосифовски Питу", по претходна расправија, бил физички нападнат до Р.Б.(33) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 16.12.2019 бил пронајден С.М.(21) од Скопје, за кого неговиот татко С.С.(55) од Скопје на 14.12.2019 пријавил дека се оддалечил од домот.

На 16.12.2019 во 20.20 часот во Полициската станица Аеродром, Т.А.(47) од Скопје пријавила дека на ул.„Владимир Комаров" била касната од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.Х.(51) од с.Лакавица, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 23.09.2019 во с.Лакавица, пријавениот физички го нападнал К.И.(42) од с.Здуње, гостиварско, вработен како шумски чувар во ЈП „Национални шуми", кој вршел претрес на паркирано патничко возило „форд'' натоварено со бесправно исечени огревни дрва.

На 16.12.2019 во 15.45 часот во Полициската станица Кисела Вода, Ѓ.С.(26) од Скопје пријавила дека на ул.„Ѓорѓи Димитров" била касната од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.Д.(29) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „послужување во службата" и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 06.12.2019 на ул. „Бетовенова" во Струмица, во домот на пријавениот полициски службеник, полициски службеници извршиле претрес, при што пронашле и одзеле службена легитимација, 26 куршуми калибар 9мм., 13 куршуми калибар 7,62 мм., тромблонски додаток за автоматска пушка, заштитен шлем со визир, пиштол и радио врска, кој истиот неовластено ги поседувал.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)